**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, координаторка за еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | 01.01.2021 – 31. 12.2021 |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 18.03.2022 г. |

**Дата, 28.02.2022 г.**

**Име и презиме Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани**
(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

**Потпис:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме** (на Раководител на сектор за еднакви можности) **:**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

Во текот на 2021 г. Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите е проширен со воведување економски мерки и активности кои придонесуваат кон поттикнување на женско претприемништво и/или економско зајакнување на жени, со посебен акцент на ранливи категории граѓанки (жени од рурални средини, самохрани мајки, жени со попреченост, жртви на семејно насилство и сл.).

Во Предлог-програмата за сообраќај на општина Кочани (Комисијата упати препорака до стручните служби за проширување на јавниот линиски превоз и низ останатите населени места);

Предлог-програмата за информатичка и комуникациска технологија на општина Кочани за 2022 година (Комисијата му предложи на изготвувачот да вклопи мерка за унапредување на софтверот за општински даноци, такси и надоместоци со алатка за воведување родово разделена статистика.);

Предлог-програмата за заштитата на животната средина во 2022 година (Комисијата предложи во планираните финансиски средства прикажани табеларно на крајот на Програмата, за 700.000 ден. да се зголеми ставката под реден бр. 5: Субвенционирање на домаќинствата со инвертер клими и печки на пелети; Во условите што треба да ги исполнува барателот на субвенција (субвенционирањето се однесува на печки на пелети и на инвертер-клими), покрај принципот „прв дојден – прв услужен", да се вклучи давање приоритет на домаќинства водени од жени и домаќинства на самохрани родители) – Советот на Општина Кочани ги прифати предлозите на КЕМ;

Предлог-програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Кочани (Комисијата предложи да се упати препорака до КЈП „Водовод", во 2022 година стручните служби да изработат анализа на состојбата со бездомните кучиња со статистика и информации, анализа којашто ќе содржи детални податоци за бројот на бездомни кучиња, најчестите локации во градот каде се случуваат напади врз луѓе, колку од нив се мажи/жени, како и нови хумани предлози за надминување на предизвиците со овие животни.);

Предлог-програмата за одржување и користење на паркови и зеленило, набавка, поставување и одржување урбана опрема, одржување детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно" за 2022 година (Комисијата упати препорака до КЈП „Водовод" за редовно анкетирање и прибирање информации од граѓаните за потребите од комунална опрема. Комисијата побара на списокот за одржување на парковските површини да бидат ставени сите паркови, а распоредот за нивното одржување да биде јавно објавен на веб-страниците на Општина Кочани и на КЈП „Водовод").

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е**

**резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Со економските мерки за јакнење на жените се опфатени 33 жени од Кочани во обуки за дигитален маркетинг и претприемништво и онлјан продажба, претприемништво и менаџерски вештини и развој на бизнис-идеја. Обуките се реализираат преку проектот на UN Women, „Промоција на родово одговорни политики и буџети..."

Показатели за проширувањето на јавниот линиски превоз низ останатите населени места ќе биде зголемениот опфат на жителите – жените и мажите од населените места каде засега нема јавен линиски превоз;

Резултатот од мерката за зголемување на бројот на домаќинства водени од жени за субвенционирање на печки на пелети и на инвертер-клими преку показатели ќе може да се види во 2022 година, кога ќе се искористуваат средствата за таа намена. Со додавањето кон принципот „прв дојден – прв услужен" на приоритети за домаќинствата водени од жени и домаќинства на самохрани родители се олеснува пристапот кон добрата и услугите на жените (како економски слаба општествена група) и на семејствата со самохрани родители (како ранлива група, не од финансиски, туку од социопсихолошки аспект). Ова претставува мерка за надминување на пречките кои создаваат нееднакви економски услови, кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу жените и мажите. Според традицијата, жените не се носители на имот, што значи дека се економски немоќни. Суштинската цел на оваа мерка е да ја поттикне свеста на жената за сопственост на имот, како прв чекор кон нејзино економско зајакнување и економска независност: пристап до кредити, субвенции и до други економски мерки.

Унапредувањето на софтверот за општински даноци, такси и надоместоци со алатка за воведување родово разделена статистика ќе помогне во добивање точни податоци заради креирање соодветни економски мерки за жените и мажите коишто се даночни обврзници на Општина Кочани;

Анализите поврзани со состојбата со бездомните кучиња и податоците за најчестите локации во градот каде се случуваат напади врз луѓе, колку од нив се мажи/жени, како и нови хумани предлози за надминување на предизвиците со овие животни ќе помогнат во креирање мерки за побезбедно движење на граѓанките и граѓаните во Општина Кочани (показатели се: подобрено јавно осветлување – бројот на поправени и нови светилки; бројот на заловени/згрижени бездомни кучиња).

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Индикаторите се внесени во Локалниот акциски план за еднакви можности и во општинските програми во кои е воведена родовата перспектива.

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми и мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

- Прилог од Програмата за Општинско-корисна работа;
- Прилог од Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани;
- Прилог од Програмата за уредување на градежното земјиште;
- Прилог од Програмата за јавно осветлување

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

- Препорака за воведување стипендија за спортска надеж во женска категорија

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Воведувањето на стипендија за млади спортски таленти во женска категорија ќе значи конкретна парична поддршка на спортистка

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Уште една стипендија за млада спортистка (финансиски показател – зголемени средства по основ на родова еднаквост); поттикнување на девојчињата за вклучување во спортски активности (број на нови членови во спортските здруженија и клубови).

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Примената на иницијативата за воведување стипендија за млада спортистка – спортска надеж ќе се реализира од 2022 година.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Општина Кочани континуирано соработува со граѓански организации, локални институции, со Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) во проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“; Заедницата на единиците за локална самоуправа – ЗЕЛС; Министерството за труд и социјална политика, Секторот за еднакви можности на жените и мажите; Здружението за борба против сите видови рак „Борка – за секој нов ден“, ЈМУ Центар за социјални работи – Кочани во креирањето родови мерки за ранливи групи.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

Вработени вкупно 90; жени 32; мажи 58;
Раководни работни места, вкупно 21; жени 5; мажи 16;
Нераководни места: 69, жени 27, мажи 42
Пожарникари вкупно 16; жени 0; мажи 16.

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Прилог – документ од Одделението за човечки ресурси со преглед на човечки ресурси разделени по пол

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

Според Програмата за социјална заштита на Општина Кочани, издадени се 445 одлуки за помош во лекови. Од нив 210 лица корисници на помошта се мажи, а 230 жени.
Помошта во превоз заради лекување надвор од градот, во 2021 г. ја користеле 16 граѓани, од кои 3 мажи и 13 жени.
Мерката за поддршка на тешко болни лица ја искористиле 5 граѓани од кои 3 жени и 2 мажи.
Донесени се и 9 одлуки за помош со градежни материјали, од кои 6 баратели биле мажи и 3 жени.
Помош со пакети во храна и хигиена е доделена на 168 лица од кои 93 мажи и 75 жени.

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Извештај за Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани

**2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**

Да.

- **Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

- Финансиска помош на 10 жени во социјален ризик, со вкупно (60.000 денари), по повод 8 Март;
- Финансиска поддршка на 10 мажи болни од тешки болести, со вкупно (60.000 денари) по повод Ноември – месецот на машкото здравје;
- Реализација „Розова прошетка" – настан во Кочани за поддршка на болни од рак на дојката;
- Организирана активност под мотото „Пешачењето е здравје" – за да се истакне значењето на физичката активност и здравата храна како фактори за добро здравје;
- Мурал на ѕидот кај Атомските згради во Кочани со мотив/порака за родова рамноправност – изработен со средства од UN Women;
- Воведување мерки за економско јакнење на жените заради поттикнување на женско претприемништво и/или економско зајакнување на жени, со посебен акцент на ранливи категории граѓанки (жени од рурални средини, самохрани мајки, жени со попреченост, жртви на семејно насилство и сл.)
- Поддршка на работилницата за зајакнување на капацитетите за вклученост во општествените процеси на девојки и жени со ограничени економски можности кои живеат во руралните области на општина Кочани „Чекор кон најдоброто" и на отворениот ден за граѓанско образование посветен на руралната жена, организиран од СОУ „Љупчо Сантов" во Кочани;

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

- Проширување на листата на родово разделените статистички податоци за составот на работните и другите тела, делегациите и другите органи во единиците на локалната самоуправа, именуваните претставници во јавните претпријатија и установи при остварувањето на надлежностите од нивниот делокруг на работење.
- Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Кочани;
- Внесување на родовата перспектива во локалната средина (културни настани, промоции, концерти, предавања, едукативни содржини);
- Зајакнување на соработката на координаторот и заменик-координаторот со Комисијата за еднакви можности и со субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности;
- Родово одговорно буџетирање;
- Подигање на свеста за грижа на жените и мажите за сопственото здравје;
- Еднаков пристап за сите на сообраќајниците во Кочани

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

- 10 жени во социјален ризик добиле финансиска поддршка за Меѓународниот ден на жената од средства предвидени во Локалниот акциски план за еднакви можности
- 20 жени кои самите прележале рак на дојката или се поддржувачи на женското здравје, учествуваа во „Розова прошетка – Трка за лек" – настан во Кочани за поддршка на болни

од рак на дојката. Извршен 351 преглед ехо на дојка во Одделението за радиологија при ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Кочани;

- Дистрибуиран едукативен материјал за јакнење на свеста за борба против семејното насилство и насилството врз жената на 100-ина граѓанки и граѓани од Кочани;
- Одржана е една седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и се донесени повеќе заклучоци за имплементација на родови политики и за определување ресурси за понатамошно градење на капацитетите за спроведувањето на политики за родова рамноправност;
- Со цел да се надминат пречките односно ограничувањата во движењето на граѓанките и граѓаните во Кочани, во 2021 година, Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште во соработка со изработувачите на проектна и техничка документација и изведувачите на работите водеше грижа за обезбедување нормално и олеснето движење по јавните и сообраќајните површини на подрачјето на општина Кочани; на пешачките површини на подрачјето на општина Кочани се изградени 27 пристапи за лица со телесни пречки, детски колички и за велосипеди на 9 локации на подрачјето на општина Кочани;
- За да се подобри видливоста и да се зголеми безбедноста при движењето на граѓанките и граѓаните на јавно-прометните и сообраќајните површини на подрачјето на Општина Кочани, во 2021 година Одделението за комунални дејности постави нови 69 метални столбови за осветлување со соодветна ЛЕД-арматура.

  - **г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Од Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите се наменети 150.000 денари. За спроведување на активностите во проектите од Општинско корисна работа, од Швајцарската агенција за развој и соработка се добиени 486.000 денари, а од UNDP 1.166.400 денари. Во проектите од Општинско корисна работа Општина Кочани учествува со 194.000 денари.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

Работилница (зум-настан) организирана од UN Women на темата: **Презентација на наоди од проценка на влијанието на пандемијата од ковид-19 врз РОБ во општините**, 28 мај 2021 г.

Регионален онлајн настан: „Тркалезна маса на високо ниво: Буџетски извори во време на пандемија: Унапредување на родовата еднаквост или нејзино одржување?, 11 мај 2021 г.

Обука на темата **Локализација на НАП за имплементација на Резолуција на Совет на безбедност на ОН 1325: Жени, мир и безбедност, за претставници од општините,** во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 7 јуни 2021 г.

Обука на темата **Родово разделени податоци, нивната важност и внесување на податоците во е-платформата**, во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 30 септември 2021 г.

Форум на општински пракси: Кон родово одговорни општини. Презентација на темата: Комуникациски протоколи на координаторите/ките за родова еднаквост во општините, ЗЕЛС, 25 јуни 2021 г.

**Дали тој во обуките се јавил/а како:**
**А) слушател/слушателка**
**Б) обучувач/обучувачка**

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

Обуки за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање. Општина Кочани од 2017 година е вклучена во проектот *„Промоција на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија "* и координаторот е опфатен со обуките што се реализираат во рамките на овој проект.

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

Ве молиме опишете: Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа, со писмени извештаи и споделување материјали.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог-стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Иницијативи за воведување на родовата перспектива во програми и за работа и извештаи од работењето во Општина Кочани, предложени од Комисијата за еднакви можности.

2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Усвојувањето и реализацијата одат постапно.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Предизвиците со кои се соочуваме во тековното работење на планот на еднаквите можности, ги надминуваме со менторската поддршка од UN Women, и Министерството за труд и социјална политика, преку Секторот за еднакви можности.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Како координаторка за еднакви можности на жените и мажите изминативе неколку месеци, по завршувањето на локалните избори, посебно дојде до израз фактот дека континуитетот на градење капацитети обезбедува одржливост. Менувањето на составот на Комисијата за еднакви

можности создаваше сомнеж дека во работата на планот на родовата рамноправност треба повторно да се почнува од почеток, но за овие неколку месеци се докажа спротивното. Тоа значи дека со помош на родовата машинерија и со проектот на UN Women сме успеале да влијаеме на подобрувањето не само на индивидуалните и општинските капацитети, туку и на перцепцијата и јавното мислење за родовата еднаквост во локалната средина.

Што се однесува на добри примери од нашата пракса, во Кочани, ќе го истакнам моделот на Мобилниот сервис за домашна посета, кој веќе се трансформира во нов проект „Подвижност“ со кој се обезбедува грижа и нега на социјално ранливи категории, кој обедини повеќе социјални чинители, хуманитарни организации и обезбеди услуги со кои се опфатени висок процент жени.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Потреба од воспоставување редовна и навремена комуниакција со граѓаните, како извор на идеи за надминување на нееднаквата дистрибуција на општествените добра и ресурси.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Со планираните мерки и активности во Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите 2022 година што повеќе да се интегрира родовата перспектива во локалните политики и буџети.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

За првпат Комисијата за еднакви можности е формирана во 2006 година. По Локалните избори во октомври 2021 година е донесено Решение за формирање на КЕМ на седницата одржана на 12.11.2021 г., но поради родовата неизбалансираност (членови беа само жени) донесено е ново Решение за измена на нејзиниот состав, на седницата што Советот на Општина Кочани ја одржа на 22.12.2021 г.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол :** 3 жени, 2 мажи
**б) Образование:** сите со високо образование
**в) Етничка припадност:** сите Македонци
**г) Припадност на политичка партија:** 3 – ВМРО; 2 – СДСМ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС** Да

**б) во донесување на буџет на ЕЛС** Да

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС** Да

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Предлог за проширување на условите што треба да ги исполнува барателот на субвенција (субвенционирањето се однесува на печки на пелети и на инвертер клими) покрај принципот „прв дојден – прв услужен", да се вклучи давање приоритет на домаќинства водени од жени и домаќинства на самохрани родители.
Предлог за зголемување на планираните финансиски средства за субвенционирање на домаќинствата со инвертер клими и печки на пелети за 700.000 денари. И двата предлога беа прифатени од Советот на Општина Кочани.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?** Не.

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во 2021 година одржа една седница на која се разгледуваа неколку програми и се донесени заклучоци од областа на сообраќајот (за проширување на јавниот линиски превоз низ другите населени места на подрачјето на Општина Кочани); унапредување на софтверот за општински даноци, такси и надоместоци со алатка за воведување родово разделена статистика; ги задолжи комуналните служби за редовно анкетирање и прибирање информации од граѓаните за потребите од комунална опрема и др.

Прилог: Извештај од одржаната седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на 14.12.2021 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Редовна годишна тематска средба/настан на претставниците од МТСП – Сектор за родова еднаквост и единиците на локалната самоуправа – координаторите за еднакви можности и интерсекторската група

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**